**Биографија на директор на ОуМузеј на град Неготино, Драгица Чекорова**:

Драгица Чекорова е родена 3 јануари 1971 година во Кавадарци каде завршува основно образование.

Средно образование завршува во гимназијата "Јосип Броз Тито" во Скопје, 1989 година, културолошка насока.

Факутетот за етнологија го завршува 1996 година во Скопје на УКИМ на Природно математички факултет.

01 октомври 1996 година редовно се вработува во ОуМузеј на град Неготино како кустос-етнолог и раководител на етнолошкото одделение.

2007 г. се здобива со звање Виш-кустос со Решение од министерот за култура по предлог на Рецензиона комисија за избор на стручно звање при Министерство за култура на РМ.

2012 г. е извршен реизбор со Решение од министерот за култура по предлог на Рецензиона комисија за реизбор на стручно звање при Министерство за култура на РМ.

2019 г. добива Решение за избор на стручно звање кустос-советник по предлог на рецензионата комисија до министерот за култура.

Како најактуелни теми за кои има издадено разни печатени материјали се: "Грнчарството во Тиквешијата", "Копаничарите од Неготино", "Грнчарството од антиката до денес", "Обичаите во Неготино и неготинско", "Фолклорот во неготинскиот регион", работи на едукативни проекти и работилници одобрени од министерството за култура на РСМ. Раководител е на повеќе проекти, автор на изложби од областа на етнологијата, член на МЕД (Македонски Етнолошко Друштво), член на ИКОМ, активно учествува во национални и меѓународни проекти.

Од 2018 година ја извршува функцијата директор на Општинската установа Музеј на град Неготино со мандат од 4 (четири) години.

2021 година ОуМузеј на град Неготино влегува како партнер во ЕРАЗМУС+ К2 проект, со институции од областа на образованието и културата од Србија и Хрватска.

Нејзиниот стручен придонес во работењето во ОуМузеј на град Неготино го прикажуваме со следните учества, реализација на проекти, објавување на стручни трудови и публикации, учества во стручни собири (семинари, конференции):

Раководење со теренско археолошко истражување, прибавување на музејски материјал, изработка на теренска документација, стручна обработка на резултатите од истражувањата и извештај.

- Раководење со теренско етнолошко истражување на тема **"Народна архитектура во Неготинско и Тиквешијата**", прибавување на музејски материјал, изработка на теренска документација, стручна обработка на резултатите од истражувањата и извештај;
- Раководење со теренско етнолошко истражување на тема **"Фолклорот во Неготинско преку танци, ора и музички инструменти",** прибавување на музејски материјал, изработка на теренска документација, стручна обработка на резултатите од истражувањата и извештај.
- Раководење со теренско етнолошко истражување на тема "**Божиќните празнични обичаи, верувања и традиции во Неготинско",** прибавување на музејски

материјал, изработка на теренска документација, стручна обработка на резултатите од истражувањата и извештај.

Автор на следните музејски изложби:

- “Грнчарството од антиката до денес“, Решение бр.УП1 26-3635, Министерство за култура на РМ, 2014 година;
- “Изложба на етнолошки предмети“, Решение бр.УП1 26-3631, Министерство за култура на РМ, 2014 година;
- Изложба на фотографии “Златни антички наоди од Неготино“, 2015 г. Пацио во Магаза, НУ Завод и Музеј Битола, БИТ ФЕСТ, Битола.
- “Изложба на етнолошки предмети“, Решение бр.УП1 30-3029, Министерство за култура на РМ, 2018 година;
- “Музејот низ призма на етнологијата – Моја инспирација, едукативна работилница“, Решение бр.УП1 30-3031, Министерство за култура на РМ, 2018 година.
- “ЗЛАТНИОТ АНТИЧКИ НАОД“, Решение бр.УП1 31-2554, Министератво за култура на РСМ,
- “Иконите и иконостасите од цркивте и манастирите во Неготино од 18-ти и почеток на 20-ти век“, Решение бр.УП1 31-2559, Министерство за култура на РСМ.

Учество во проект “Clash of cultures”, одобрен од Европската унија (Education Audiovisual and Culture Executive Agency) во 2012 година, со учество на изложбата “Златните маски на Македонските кралеви-Македонските и Келтите од Охридскиот регион“ во Келстко-Римски Музеј во Манхинг, Р. Германија, Das golden Antlitz des unbekannten Makedonenkönigs, Makedonen und Kelten am Ohrid See Kelten Römer Museum – Manching, Deutschland, 2014 година, во соработка со НУ Археолошки Музеј на Северна Македонија.

Менторство и следење на практичната работа на лице на пробна работа во музејот:

1. Менторство на студент на студии по етнологија и антропологија на ПМФ, УКИМ-Скопје, Благица Вандова, 2014 година;
2. Менторство на студент на студии по етнологија и антропологија на ПМФ, УКИМ-Скопје, Благица Вандова, 2015 година;
3. Менторство на студент на студии по етнологија и антропологија на ПМФ, УКИМ-Скопје, Благица Вандова, 2016 година.

Учество во работна група за подготовка на акти во областа на музејската дејност (во или надвор од музејот)

Учество во работна група во подготвување на систематизација во општинската установа Музеј анград Неготино.

РЕШЕНИЕ за именување член во Управниот одбор на општинската установа Музеј на град Неготино, од страна на Советот на општина Неготино, со бр.08-330/7 од 13.11.2017 година.

Автор на стручна публикација од областа на музејската дејност

- “Празнувањето на Свети Трифун во Тиквешијата“, објавен во Етнолог бр.17, 2015 година;
- “Свадбениот обред во Неготинско во 19 и 20 век“, 2016 година;
- “Копаничарите од ЗЗН “Стари Занаети“ од Неготино, 2017 година.

Автор на каталог за изложба од областа на музејската дејност

- “Водич во етнолошката поставка“, 2016 година;
- “Грнчарството во Неготинско од антика до денес“, 2016 година;
- “Народната носија и ќилимите во Неготинско“, 2013 година,
- “Изложба на етнолошки предмети“, 2018 година,
- “Златниот антички наод“, 2021 година.

- “иконите и иконостасите од црквите и манастирите во Неготино од 18-ти и почеток на 20-ти век“, 2021 година.

Автор на прикажан документарен филм од областа на музејската дејност:

Автор на документарен етнолошки филм “ЈУРУЦИТЕ ОД с.ЧЕЛЕВЕЦ, ДЕМИР КАПИЈА“, прикажан на V меѓународен фестивал во Кратово, 2016 година.

Излагање со труд на меѓународна стручна конференција од областа на музејската дејност:

1. Учество со свој труд на “2-ра Меѓународна конференција за културното наследство, туризам и медиум“, Охрид, 2014 година, на тема “Керамиката како туристичка атракција во неготинскиот регион“, 2nd International Conference of Cultural Heritage, Tourism and Media, 2014, “Pottery as a tourist attraction in the Negotino region”.

2. Учество со свој труд на XII Меѓународна конференција за историјата, традицијата и културното наследство “Македонско-турски релации“, во Коџаџик, Центар Жупа, 2018 г., XII International Turkic culture, art and protection of cultural heritage symposium/art activity “Turkey-Macedonia relations, со “Турското влијание на Саат Кулата врз културното наследство во Неготино“, “Turkish influence of Watch Tower in cultural heritage in Negotino city”, 2018.

3. Учество со свој труд на 7-та Меѓународна конференција “Идентитетите, културното наследство и туризмот како важен елемент во секојдневните и глобалните процеси, Охрид, 2019“, 7-th International conference “Identities, cultural heritage and tourism as important elements of the contemporary everyday life and global processes figures”, на тема “Културниот туризам во општинската установа Музеј на град Неготино“, 2019 година; “Cultural tourism in the municipial institution City Museum of Negotino”, 2019.

4. Модератор на научната конференција “Св.Трифун и виното, обичаи, верувања, ритуали“, Неготино, 2019 година.

5. Учество на симпозиум “Ретроспективи и перспективи на македонската фолклористика и етнологија“, Скопје, 2017 година, организиран од страна на Институтот за фолклор “Марко Цепенков“, Скопје и Македонско Етнолошко Друштво, со труд “Копаничарите од Здружение на занаети (ЗЗН) “Стари Занаети“ од Неготино“.

Учество на семинари, фестивали и работилници од областа на музејската дејност:

1. Благодарница за учество со свој труд за особен придонес во реализацијата на советувањето “Музеите и културните предели“, ИКОМ, 2016 година;
2. Сертификат за учество на семинарот “Едукација на музејските едукатори за пристап кон лицата со посебни потреби“, 2017 година;
3. Сертификат за учество на семинарот за пристапност на музеите “Музеј за сите“, ИКОМ, 2018 година;
4. Сертификат за активно учество на семинарот “Едукација на музејските дукатори за пристап кон лицата со посебни потреби (аутизам, АДХД и телесна инвалидност), 2018 година;
5. Благодарница за особен придонес во реализацијата на советувањето “Хиперповрзани музеи:нови пристапи, нова публика“, 2018 година;
6. Благодарница за придонес во реализирањето на манифестацијата “Европски денови на културното наследство“, 2018 година.
7. Сертификат за учество во обука за музејска интерпретација на национално ниво “Музејски приказни и пораки“, Музеј на Холокауст, 2019 година.

8. Сертификат за интерпрет водич, Музеј на Македонија, 2019 година.

Организатор на меѓународна ликовна колонија “НЕГОТИНО-2019“ и ликовна колонија “НЕГОТИНО-2020“.

Контакт: muzejnagradnegotino@ymail.com (службен меил)

Моб.тел. 075/379-218